Здружение за Планинско трчање, алпинизам, експедиции и адреналински активности во планина ТРЕКС Скопје,
ул. “Ибе Паликуќа” бр. 17, Скопје

# СТАТУТ

Скопје, Февруари 2018 година

Врз основа на Член 18 од Законот за здруженија и фондации, Здружение за планинско трчање, експедиции, алпинизам и адреналински активности во планина ТРЕКС Скопје, со седиште на ул. “Ибе Паликуќа” бр. 17, Скопје, 1000 Скопје, Република Македонија (во понатамошниот текст само “Здружение ТРЕКС Скопје” или “Здружението”), на конститутивна седница на Собрание на основачите одржана на 08.01.2014 година, го донесе следниот:

# С Т А Т У Т
## на Здружението

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје (во понатамошниот текст Здружение ТРЕКС Скопје) е здружение на граѓани - спортисти и поддржувачи на спортот, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел развој и подобрување на квалитетот на планинското трчање во Република Македонија.
Граѓаните се здружуваат во Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје заради остварување поширок општествен интерес преку што се задоволуваат потребите од стручна и друга помош од областа на планинското трчање, алпинизмот и другите слични адреналински спортови во планина.

Здружението е основано врз основа на Закон за здруженија и фондации и Актот за основање на Здружението.

### Член 2

Со овој Статут се уредува:
- Име и седиште на Здружението;
- Целите на Здружението;
- Дејностите со кои се остваруваат целите;
- Начинот на одлучување на зачленување, исклучување и престанок на членувањето во Здружението;
- Правата, обврските и одговорностите на членовите;
- Видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- Застапувањето по закон;
- Начинот на стекнување и располагање со средствата;
- Начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- Начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- Начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- Начинот на одлучување за статусни промени и престанок на Здружението;
- Начинот на донесување на планови и програми;

- Постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на Здружението и
- Други прашања утврдени со Закон.

## 2. ИМЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 3

Името на Здружението гласи:

- Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје.

Краткото име на Здружението гласи:

- Здружение ТРЕКС Скопје.

## 3. СЕДИШТЕ И АДРЕСА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 4

Седиштето на Здружението се наоѓа на ул. “Ибе Паликуќа” бр. 17, Скопје, Општина Ѓорче Петров 1000 Скопје, Република Македонија.

## 4. ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 5

Граѓаните се здружуваат во Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје заради остварување на поширок заеднички интерес, а како посебни цели и дејности се:

Цели:

- Промоција и развој на авантуристички и екстремни спортови во планина со организирање на најразлични типови на активности.
- Организирање на планински трки од разни формати - кратки (до 5 km) - Vertical Kilometer, средни и долги (5-50 km) и ултра планински трки (повеќе 50 km) во Република Македонија.
- Организирање на мулти-спорт настани, односно натпревари во кои би се вклучиле, планинско трчање, планински велосипедизам, кајак по мирни води, качување или по карпест терен со помош на алпинистичка опрема..
- Истражување на планините - поинтересни и потешки приоди до одредени врвови, особено во зимски услови со снег и мраз, развој на турното скијање.
- Организирање на летни и зимски повеќедневни акции во планина со кампување во шатори и со поширок спектар на активности во тој период - подолги тури, качување одредени карпи, трасирање нови патеки за планинско трчање или планински велосипедизам

- Организирање на акции надвор од Македонија на високи врвови во Европа и светот од експедициски карактер
- Истражување на планински терени, нивно документирање со слики и GPS запис и објавување на тие информации за општо добро на сите заинтересирани, а на тој начин правење придонес за развој на планинскиот туризам во Македонија.
- Постојана грижа на членовите за заштита на природата, и развивање на еколошката свест.
- Промовирање на Македонија како простор со одлични можности за развој на алтернативниот планински и спорски туризам и делување во тој правец преку разни активности и проекти
- Да ги активира своите членови како и сите граѓани, а особено младите за престој и снаоѓање во природа, а посебно во планина, со желба да се развива нивната сила и издржливост, па со тек на времето да можат да прават се поголеми потфати.
- Да се грижи за правилен и сериозен пристап кон спортовите во планина, со развивање на свест за сите аспекти на овој спорт и снаоѓањето во природа, а пред се безбедноста во планина, метеоролошки фактори, потребна опрема, физичка и ментална кондиција, начини на тренинг, исхрана, хидрација.
- Да се грижи за постојана едукација на своите членови за да се создаде силна и компетентна екипа спремна да се соочи со сите можни предизвици поврзани со организирање на акции на планина, на експедиции и на планински трки.
- Да се стреми кон развивање на тимови за врвни остварувања во планинското трчање и сродните спортови како планинарењето, високогорството, алпинизмот.
- Да ги запознава своите членови и сите граѓани со природните убавини на нашата земја, а особено планините и нивното богатство.
- Кај своите членови и кај граѓаните да ја поттикнува и развива љубовта кон планината и спортот.
- Да работи на запознавање и зближување преку соработка со слични здруженија од странство, пред се од поблиските земји на Балканот преку учество во планински трки, планинарски и високогорски акции, експедиции, маратони и ултрамаратони.
- Да развива и негува спортски дух постојано - како во рекреативните така и во врвните натпревари, фер плејот, да се бори против користење на недозволени средства кај спортистите.

Дејности:

- Да делува на воспитно на младите генерации да развиваат почит и љубов кон убавините на планините и развој на правилен пристап кон природата и спортот.
- Да го афирмира планинското трчање, планинарењето, особено високогорството и планинарењето во зимски услови, алпинизмот, планинскиот велосипедизам, турното скијање и другите спортови на планина во целокупниот општествен живот во нашата држава со своето присуство на Internet, преку печатени и електронски медиуми и преку организирање предавања, презентации, изложби.
- Да се грижи за сестрана информираност на членството за својата работа.

- Да се грижи за изработка на извештаи и карти од извршените акции.
- Да обезбеди демократска и континуирана работа на своите органи.
- Да обезбедува стручно оспособување на членството преку набавка на стручна литература, курсеви, училишта, семинари, видео проекции и други видови на акции и размена на стручни искуства.
- Да организира трки, натпревари, тренинзи, тренинг кампови и слично.
- Да предлага, поттикнува и учествува во проекти за подобрување на планинарската инфраструктура како планинарски патеки, домови, карти од планински масиви и други проекти од интерес на спортовите во планина кај нас
- Да издава стручни и пропагандни гласила.
- Да развива соработка со меѓународни здруженија.
- Да соработува со државни органи, здруженија, и други институции, заради остварување на своите цели.

Член 6

Сите проекти коишто ќе бидат предложени од здружението ќе водат сметка за неповредливост на Уставот и Законите на Република Македонија.

Член 7

Здружението во својата работа ќе се раководи од Уставот на Република Македонија, Законот за здруженија и фондации, овој Статут и другите општи акти на Здружението како и во склад со сите други позитивни важечки прописи на Република Македонија.

## 5. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИЕ

Член 8

Член на Здружението може да биде секој граѓанин државјанин на Република Македонија, кој се согласува со Актот за основање, овој Статут и другите акти на Здружението, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава и доброволно потпишување на пристапницата.
Зачленувањето во здружението се врши со пристапница, односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението задолжително се враќа.
Во Здружението може да членуваат и странски државјани.
Членството во Здружението престанува доколку членот на Здружението за тоа доброволно одлучи, или доколку Собранието на Здружението ја донесе таа Одлука врз основа на неисполнување на обврските на поедини членови вклучувајки ја и неплатената чланарина.
Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје за своите членови води регистер на членството кој се ажурира еднаш годишно.

Членот има право да биде биран во органите на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на здружението и на спортовите на планина во Република Македонија.

Член 9

Сите членови се задолжени редовно да ја плаќаат годишната членарина утврдена со одлука на Одборот. Правото да учествуваат во работата на Собранието и во одлучувањето ќе го остваруваат само оние членови кои уредно и редовно ја платиле членарината.

6. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 10

Членовите на Здружението имаат права и обврски да делуваат во согласност со Статутот на Здружението и одговорни се пред Собранието на Здруженито.

Основни обврски на членовите на Здружението се:

- редовно да ја плаќаат членарината;
- да присуствуваат на состаноците;
- да земаат конкретно учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението.

Права и должности на членот се:

- да избира и да биде биран во органите на Здружението;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапува интересите и ставовите на здружението;
- да бара стручна и друга помош од областа на интерес.

7. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Извршен орган;
- Претседател;
- Заменик Претседател.

Со овој Статут се определува организационата поставеност, вид и делокруг на органите на Здружението.

А. СОБРАНИЕ

Член 12

Собранието е највисокиот орган на Здружението, и го сочинуваат сите членови на Здружението.

Член 13

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува статут, програма и други акти и нивни измени и дополнувања;
- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално-финансиската состојба на здружението помеѓу две собранија;
- Донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на здружението
- Усвојува програмска ориентација за работа на здружението за период од 4 години, операционализирани во годишните програми;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на ТРЕКС и дава насоки за натамошен развој на здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на здружението
- Одлучува за промена на целта на Здружението;
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението;
- Избира и разрешува членови на органите,
- Избира Претседател и Заменик Претседател на Здружението,
- Избира Секретар и Благајник нза Здружението,
- Формира и избира комисии за посебни области на делувањето како и тимови за одредени проекти,
- Одлучува за статусни измени на Здружението,
- Одлучува за основање на Трговски друштва,
- Одлучува за престанок на Здружението со 2/3 – двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението и
- Врши и други работи во согласност со Законот, Статутот и актите на Здружението.

Член 14

Собранието работи на седници.

Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието и со истата раководи.

Собранието се состанува по потреба, по правило, одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот орган или по предлог на најмалку 1/5-една петина од вкупниот број на членови на Здружението (вонредна седница).

Вонредна седница на собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Собранието се свикува најмалку 1-еден месец пред неговото одржување.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.
Начинот на свикување на седниците на Собранието на здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.
Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.
Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови присутни на Собранието, освен доколку за одредени одлуки не е пропишано поинакво мнозинство.
Секој член има право на 1-еден глас.

## Б. ИЗВРШЕН ОРГАН

Член 15

Собранието на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор кој е Извршен орган на Собранието.
Извршниот одбор е Извршен орган на Здружението.
За својата работа Извршниот одбор одговара пред Собранието.

Извршниот одбор на ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и равојот на здружението во согласност со Статутот.

Извршниот одбор се состои од Претседател, Заменик Претседател и три члена.

Член 16

Извршниот одбор се состои од 5 (пет) члена кои ги избира Собранието.
Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 (четири) години со право на реизбор.
Член на Извршен одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

Извршниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од 4 (четири) години, со со право на реизбор.
Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и претседател на Собранието и претседател на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје и тој го претставува и застапува Друштвото.

Член 17

Извршниот одбор ги има следните надлежности:

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на здружението како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;

- Предлага измени и дополнување на Статутот;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- Донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Донесува одлуки за награди, благодарници и признанија;
- Донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Врши и други работи во согласност со Законот, Статутот и актите на Здружението.

Член 18

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје.
Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.
Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.
Предлог за свикување седница на Извршниот одбор може да поднесе повеќе од една половина од Извршниот одбор, или една третина од членовите на Собранието на Здружението ТРЕКС Скопје.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ќе го избере Извршниот одбор;
Начинот на свикување на седницата и други прашања од работењето на Извршниот одбор се уредуваат со Деловникот на работа.

## В. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 19

Претседателот и Заменик Претседателот на Здружението се истовремено и Претседател и Заменик Претседател на Извршниот одбор.
Мандатот на Претседателот на Здружението трае 4 (четири) години со право на реизбор.

Член 20

Претседателот го претставува и застапува Здружението ги спроведува стручно организациските, финансиските, комуникациските и други за потребите и интересите на Здружението.
Во случај на отсуство на Претседателот, него го заменува Заменик Претседателот.

8. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ

Член 22

Здружението средствата за финансирање ги стекнува на начините утврдении со закон: од членарина, основачки влогови, доброволни прилози, донации, подароци, завештанија, легати, дејности со кои се стекнува добивка, кирии, закупнини како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон.
Здружението може да добива средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Користењето и располагањето со средствата на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје добиени по основите од претходниот став се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.
Финансиските средства на Здружението се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени во статусот и програмата.

Членовите на органите на Здружението и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон.

Работата во органите на Здружението е доброволна, а членовите на органите можат да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на Здружението во согласност со закон.

Здружението одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.
Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средства на Здружението, за постигнување на цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.
Членовите на органите на Здружението се одговорни солидарно за штетата на Здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

## 9. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШАИ

Член 23

Годишниот извештај за работа и финансискиот извештај го усвојува Собранието на Здружението и го објавува на својата веб страна.
Собранието го доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.

## 10. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 24

Нацртот на Статутот го подготвува Извршнот одбор на Здружението, а потоа Собранието го усвојува.
Собранието ја усвојува и секоја измена или дополнување на Статутот.

## 11. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Член 25

Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Друштвото.
Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуват по член 22 од Статутот, како и расходите за општествената активност, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата.

Собранието на седница ги донесува плановите и програмите за работа на Здружението, кои потоа се спроведуваат од страна на Управниот Одбор на Здружението.

## 12. ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 26

Работата на Здружението е јавна.
Седниците на Собранието и Извршниот одбор се отворени за средствата за информирање.
Заради информирање на јавноста, Здружението може да издава Билтен.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението ТРЕКС Скопје, за материјално-финансиското работење и друго.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи интернет web-страницата, печатот, радиото и телевизијата.

Претежна дејност на здружението е 93.19 - "Останати спортски дејности" во која припаѓаат следните активности: дејности на организирање и промовирање на спортски натпревари, со или без објекти; дејности на самостојни спортисти и атлетичари, судии, мерачи на време итн; дејности на планинарски водичи.

## 13. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 27

Здружението го претставува и застапува Претседателот.
Правата и задачите на Претседателот се предвидени со овој Статут.

Член 28

Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје е правно лице.

Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи следниот текст “Здружение за планинско трчање и адреналински активности ТРЕКС Скопје”.

Штембилот на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје е правоаголен и на него е напишан следниот текст:
“Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје”, деловоден број и тековната година.

## 14. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 29

За статусните промени на Здружението одлучува Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.

Здружението престанува да постои ако е:

- Донесена Одлука на Собранието на Здружението на граѓани со двотретинско мнозинство;
- Поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на Седница на Собранието, а таа не е одржана;
- Во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- Статусна измена која прдвидува престанок на постоењето;
- Донесена одлука од надлежен суд;
- Стечај;
- Спроведена ликвидација; и
- Ако бројот на членовите на Здружението на граѓани се намали под бројот определен за основање.

## 15. ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 30

По престанок на работата на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите.

## 16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружение за ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ, АЛПИНИЗАМ, ЕКСПЕДИЦИИ И АДРЕНАЛИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАНИНА ТРЕКС Скопје а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

Член 32

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето

За
Здружение за Планинско трчање, алпинизам,
експедиции и адреналински активности
во планина ТРЕКС Скопје

Потпишува
Претседател на Здружението

**Игор Јовановски**